

Владимир Величковски

# Музиката и сликарството



Владимир Величковски

# Музиката и сликарството



# *За музиката и сликарството и едно лично искуство*

Сликата и музиката имаат посебен живот и значење. Звукот делува психолошки како и бојата,со ретка способност да предизвикуваат напнатост или чувство на опуштеност.Станува збор за посебни дисциплини и секое подиректно интермедијално поврзување меѓу сликарството и музиката или поезијата и сликарството и музиката(синестезија,екфразија) содржи опасност од неаргументираност и произволност.За таквите ограничувања знаеле оние кои веќе ги направиле таквите експерименти и истражувања кои на крајот вродиле со интересни резултати.

Сликите репродуцирани во овој каталог претставуваат скромен обид да се укаже на едно лично искуство на условеност и директна инспирација на сликарскиот чин и реализација која има некои поврзувачки елементи или извесна сродност со музиката.Се работи за дела создадени во различни временски периоди и со интерес за различни мотиви при што до израз доаѓа внатрешната потреба и експресија на авторот.

Проучувањата во оваа област во дваесетиот век продолжува одредени искуства и творечки резултати од времето на романтизмот во деветнаесетиот век(пред се на Ежен Делакроа и други уметници),уметници кои почувствувале силна потреба да излезат од рамките на својата творечка дисциплина и да навлезат или да извршат испреплетување со некои соседни уметнички области или дисциплини.Тие имале една цел:да допрат до душата на слушателот или посматрачот и таа да почне да вибрира.Слично настојување имал подоцна Василиј Кандински кој методично во практика и теорија ги спровел своите синестетички проучувања релевантни за развој на една нова научна дисциплина. Тој почувствувал дека постои можност звуците на Вагнеровиот “Лоенгрин“ да се изразат со боја и облик.

Овој уметник,кој имал талент за музика,поезија и посебно сликарството дошол до сознание:“Бојата е дирка.Окото е чекан.Душата е клавир со многу струни“.

Познати се творечките резултати и интуиции на Шарл Бодлер.Направени се споредбени поврзувања на некои својства и елементи во творештвото на уметниците Дебиси и Моне,со Ајфел,потоа експериментите и творечките истражувања на Албан Берг и Антон Веберн,посебно оние на Арнолд Шенберг со примерите за 12 тонови и атоналноста(тој бил музичар и сликар),се укажувало на сродност меѓу делата на Веберн и Мондријан,меѓу Стравински и Пикасо,или пак Дилан и Пикасо,истражувањата и делата на Мусоргски,Барток и Хиндемит,на Ив Бонфоа и Славко Јаневски,посебно рефлексиите на Кле или сензибилитетот на Никола Мартиноски кои потикнуваат и инспирираат да се говори за "слики за читање",за слики во поезијата,музика во бојата итн.
Неколку сликари од германската група "Синиот јавач" од почетокот на дваесетиот век се интересирале за односот музиката и ликовната уметност.Франц Марк забележува дека "музиката и сликарството се сосем еднакви-само треба да се има слух за нив".Аугуст Маке на клавир барал тонови кои одговараат на тоновите на боите.Рускиот музичар Александар Скрјабин правел обиди да најде поврзувачки елементи меѓу изразноста на музичките тонови со соодветните тонови на боите.Литванскиот музичар и сликар Миколас Чурлионис настојувал звуците и структурите на симфониите да ги пренесе во своите слики на "космички предели" и "апстрактни" слики.Чехот Франтишек Купка,припадник на орфичкиот кубизам и апстрактното сликарство под влијание на музичката фуга компонирал посебни"архитектонски правилни сликарски композиции."Германскиот сликар Хелцел настојувал пределите и ликовите да ги престори во "слободни ритмизирани орнаменти".Познат е "хроматскиот клавир" на Игенс итн.Уметниците не ретко на своите слики им давале музички називи.
Интензитетот на колоритот,ритамот и живоста на линијата и композицијата се основните елементи да се постигне сугестија на движење и звучност или музиката во ликовната уметност .Во извесна смисла таквите елементи се наоѓаат во авангардните уметнички правци и движења импресионизмот,фовизмот,
футуризмот,експресионизмот и разните видови апстракција.Сликарството стана писмо,симбол и знак и како и музиката има свој ритам и структура,своја математичка законитост и повторување.За да се постигне ефект на звучност и музика на бојата,линијата и композицијата,потребно е да се оствари извесна апстрактност на формата што ја надминува ограниченоста на дескриптивниот предмет.Линијата може да биде заоблена и прекршена,континуирана и испрекината,правилна и слободно третирана,мелодиозно извиена,тенка и дебела,во различен ритам артикулирана создавајќи го обликот и структурата на композицијата.Музичката хармонија се споредува со начинот на кој се решава површината на сликата.Бојата во својот интензитет и дава посебна виталност или живост на целата слика.Искуството покажува дека тешко е да се дојде до вистински добра линија,тон или мелодија,меѓутоа, делото неочекувано може да се појави во целост.Кандински бил уверен дека светот на боите и облиците,како и на музиката извира од длабочината на душата(поимот"внатрешна нужност" во творештвото).
Мотивот има свои специфистичности,не само визуелни како и сликарскиот

ракопис кој е мотивиран од подлабоки внатрешни побуди.Сликарскиот потег и бојата се ослободуваат преобразувајќи го мотивот во нова сликовна сликарска целина со витални органски белези.

На тој начин се разликуваат белезите на мотивот(Русалиите,Тешкото,пејзажот,мртвата природа,портретните ликови и друго) при што сликарскиот ракопис ги задржува основните карактеристики и белези.

Моите синестетички интересирања се спонтано откривани(без доволно знаења за светските примери)и датираат од крајот на шеесетите години.Кое е моето лично искуство?Тоа е потребата да се слика слушајќи музика(концертите и симфониите на Бетовен,продорниот звук на зурлите и тапаните,песната "Тешкото" од Блаже Конески,џезот и блузот итн.) и директната реализација на сликарскиот гест и идеја кои во среќните моменти се сретнуваат или проткајуваат со звуците и ритамот на музиката.Некогаш,кога не сум слушал музика во сликите се појавувала звучност понагласена отколку во првите дела.Тоа значи дека не станува збор за методично истражување туку за инспирирани моменти во кои се можни одделни поврзувања меѓу сликата и музиката.Или,значајно е кога сликарството е дејство,движење кое човекот го носи во себе,а изворот му е човечката душа вели Миоте.Блиско ми е и искуството на Анри Мишо и неговата опседнатост со движењето,распнатоста од форми кои надоаѓаат брзо и во ритми.

Во моментов сум под силен впечаток на музиката и балетот "Ритуал на пролетта" на Игор Стравински.

Владимир Величковски





Импресија-пожар, Горно Врановци, Велешко, 2000год.  81 x 100 цм.



*Игра...*



Игра, 2007, Акрил на платно, 60 х 73 цм.



Лик-Цветови, 2007, Акрил на платно, 42 х 30 цм.



Лик-Цветови, 2007, Акрил на платно, 73 x 60 цм.



Коцмичка градина, 2007, Акрил на платно, 100 x 70 цм.



Мотив од Велково, Скопско, 2008, Акрил на платно, 60 x 80 цм.



Импресија на душата, 2010, Акрил и пастел на хартија, 30 x 38цм.



Русалиски танц, 2010, Акрил на обоена хартија, 35 x 50 цм.



Имагинарен танц, 2010, Акрил и пастел на хартија, 35 x 50 цм.



Звучен лик, 2007, Акрил на платно, 42 x 30 цм.



Ритуална игра, 2010, Акрил на платно, 44,5 х 52,8цм.



Космичка импресија, 2008, акрил на платно, 42 x 30 цм.



Космичка импресија, 2008, акрил на платно, 42 x 30 цм.



*Сончої леди...*



Сончогледи, 2011, пастел на хартија, 38 х 30,2 цм.



Сончогледи, 2011, пастел на хартија, 38 x 30,2 цм.



Сончогледи, Август 2011, пастел на хартија, 38,5 x 30,4 цм.



Сончогледи, Август 2011, пастел на хартија, 38,5 x 30,4 цм.



Екстатичен танц, 2007, Акрил на платно, 30 х 40 цм.



Сончев предел, 2007, Акрил на платно, 30 х 40 цм.



Сончогледи, 2011,
пастел на хартија, 38 x 30,2 цм.

Сончогледи, 2011,
пастел на хартија, 35,5 x 50,2 цм.





Сончогледи, Август 2011, пастел на хартија, 38 x 30,5 цм.



Сончогледи, Август 2011, пастел на хартија, 38 x 30,2 цм.



Јоргован, 2011, пастел на хартија, 41,7 x 31 цм.



Сончогледи, 2011, пастел на хартија, 35,5 x 50,2 цм.



Импресија, 2011, пастел на хартија, 30,2 x 38 цм.



Импресија, 2011, пастел на хартија, 30,2 x 38 цм.



Игра на огнот, Август 2011, пастел на хартија, 32,7 х48,5 цм.



Сончогледи, Август 2011, пастел на темна хартија, 36,8 x 30,4 цм.

Сончогледи, Август 2011,
пастел на хартија, 24,4 x 17,5цм



Сончогледи, Август 2011,
пастел на хартија, 24,4 x 17,5цм





Мотиви инспирирани од
Боб Дилан
и “Мадредеуш балет”...



Портрет лик на Боб Дилан, 2010, акрилик на хартија
( преку “Авалон Продукција” подарен на Дилан )



Портретен лик на Дилан, 2011, акрилик и пастел на хартија , 38,5 x 30,5 цм.



Портретен лик на Дилан, 2011, акрилик на хартија , 37,7 x 30цм.



Импресија од танц на “Мадредеуш”, 2011, пастел на хартија, 32,7 х48,5 цм.



Импресија од танц на “Мадредеуш”, Август 2011, пастел на хартија, 32,7 х48,5 цм.



Импресија од танц на “Мадредеуш”, Август 2011, пастел на хартија, 32,7 х48,5 цм.



Импресија од танц на “Мадредеуш”, 2011, пастел на хартија, 32,7 х48,5 цм.



Портретен лик на Дилан, 2011, акрилик на хартија , 33,7 x 47,5цм.



Портретен лик на Дилан, 2011, акрилик на хартија , 37,7 x 30цм.




“По концертот на Дилан во Скопје”, 4 Јуни 2010, колаж, 38,3 x 30,5 цм



Автопортрет, 1995 , пастел и масло на хартија, 49,5 x 35 цм.

Владимир Величковски
( 7 Мај 1949, Скопје)

Дипломирал на Филозофскиот Факултет во Скопје во 1973 година. Магистрирал на историја на модерната уметност во Белград ( 1985 ). Докторирал на Филозофскиот Факултет во Скопје (1998 ). Ликовна критика пишува од 1973 година.
Самостојно излага слики од 1973 год.
Член е на AICA( Македонска секција на Меѓународно здружение на ликовни критичари ) на ДЛУМ- Друштво на ликовните уметници на Македонија.
Автор е на 60 книги за современата македонска уметност.
Од 1998 година работи како професор на Институтот за Историја на уметност и Археологија на Филозофскиот Факултет во Скопје.



ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ
Музиката и сликарството

тираж
500

дизајн и печат
**СОФИЈА**
Богданци
www.sofijaprint.com.mk

Октомври 2011

ISBN 978-9989-736-79-7

